Врз основа на одредбите од Законот за трговските друштва, одредбите од Законот за супервизија на осигуруање, одредбите од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, одредбите од Статутот на Осигурување МАКЕДОНИЈА а.д. Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), а во врска со точка 7 од работниот дел на дневниот ред на Јавниот повик за свикување на Годишно собрание за деловната 2022 година бр.02-2832/2-1 од 04.04.2023 година, акционерите на друштвото на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2022 година одржано на 10.05.2023 година ја усвоија следната:

# ОДЛУКА

**за исплата на дивидена за деловната 2021 година**
**и деловната 2022 година и утврдување на дивиденден календар**

1. Од износот кој е распореден како нераспоредена добивка за деловната 2021 година, Друштвото ќе исплати дивиденда во износ од **35.590,562 денари**. Од износот кој е распореден како нераспоредена добивка за деловната 2022 година, Друштвото ќе исплати дивиденда во износ од **26.546,094 денари**. Вкупната дивиденда која Друштвото ќе ја исплати за деловната 2021 година и деловната 2022 година изнесува **63.136.656 денари**.
2. Дивидендата за деловната 2021 година и за деловната 2022 година која ќе им се подели на акционерите на Друштвото е во вкупен износ од **88,00 денари** по акција или 6.87% од номиналната вредност на една акција (Еуро 20,84).
3. Утврдената дивиденда ќе се исплати согласно следниот:

| **ДИВИДЕНДЕН КАЛЕНДАР** | |
|---|---|
| Датум на евиденција | 07.06.2023 година |
| Последен ден на тргување со право на дивиденда | 05.06.2023 година |
| Прв ден на тргување без право на дивиденда | 06.06.2023 година |
| Датум на почеток на исплата на дивиденда | 19.06.2023 година |
| Последен рок за исплата на дивиденда | 30.09.2023 година |

4. Утврдената дивиденда ќе се исплати во готово.
5. За исплатата на дивиденда, како и за дивидендниот календар акционерите ќе се известат согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Правилникот за котација издаден од страна на Македонската берза за хартии од вредност.
6. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.
4. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.
5. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

ГОДИШНО СОБРАНИЕ
Претседавач

--------------------------------

Предлог одлука